ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД АНКЕТА ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

**(летен семестар, 2026 академска година)**

Во летниот семестар 2026 за студентите на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, беше реализирано on-line пополнување на анкетата за оценување на квалитетот на наставата.

Во анкетата која се реализираше преку Iknow системот, студентите извршија евалвација на квалитетот на наставата одржана од страна на 14 професори. При тоа, беа проследени 208 одговор од студентите на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје. Реализираната анкета е проследена до сите професори на нивните електронски адреси. Исто така, сите одговори од анкетата се достапни on-line на платформата за анкети на УКИМ, на која секој професор има пристап преку својата лозинка од Iknow.

Просечната оцена од анкетата за квалитетот на настава на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ за летниот семестар 2026, на скала од 1 до 5 е **4,84.** Оваа оценка ги одразува високите стандарди на наставниот процес проценети од страна на студентите.

Во продолжение се истакнуваат следниве забелешки од анкетираните студенти:

**Позитивни аспекти:**

- Студентите се исклучително задоволни од квалитетот на наставата на Факултетот;

- Истакнати се добриот пристап до професорите и ефикасноста на студентската служба, што придонесува кон сеопфатното задоволство од условите за студирање.

**Забелешки и предлози за унапредување:** Нема забелешки

**Заклучок:**

Анкетата за перцепција на студентите за квалитетот на наставата на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за летниот семестар 2026, дава сеопфатна позитивна слика за наставниот процес и квалитетот на настава. Овој извештај служи како важна

алатка за континуирано подобрување на квалитетот на наставата и за воспоставување на дијалог меѓу студентската заедница и наставниот кадар.

**Комисија за изведување на студентската анкета -**

**Перцепција на студентите за општите услови за студирање:**

Вон. проф. д-р Анета Јовковска, претседател

________________________________________

Доц. д-р Дарко Анев, член

________________________________________

Доц. д-р Кирче Трајанов, член

________________________________________